УДК. 949.717.06

Димитар ДИМЕСКИ

# ПРИЛЕПСКИОТ ПОДВИЖЕН КОНГРЕС НА ВТОРИОТ ОКРУГ НА ВМРО (1904 Г.)

Прилепскиот подвижен конгрес на Битолскиот (II) револуционерен округ ја отворил серијата окружни конгреси на МРО, коишто, по Илинден го трасирале патот кон општиот, Рилски конгрес (октомври 1905 г.).

Тоа е прв повостанички окружен конгрес со елементи на меѓуокружен конгрес, со амбиции да подготви терен за општ конгрес на МРО. Прилепскиот конгрес бил, бездруго, конгрес на демократски промени. Тоа го овозможила победата на демократската линија на движењето, којашто широко го раскрилила процесот на демократизацијата во сите пори на организациониот живот.

Одлуката за свикување на Конгресот никнала во с. Карамани, Битолско, во отсуство на Даме Груев[1]. Главни иницијатори за свикување на Конгресот биле демократски ориентираните Христо Узунов и Ѓорѓи Сугарев, кои пројавиле отворена аверзија кон „Дамевата тенденција да ја воспостави старата положба и да ги централизира работите во свои раце“[2]. Притоа, нив ги поддржале Пере Тошев и тукушто вратениот од Софија, Ѓорѓи Поп Христов[3].

Свикувањето на Конгресот било базирано на потребата од побрза консолидација во новонастанатата ситуација со згасну-

---

[1] Во ова време Д. Груев крстарел низ Македонија (крај на февруари — крај на мај 1904 г.) и ги ревизирал: Прилепско, Леринско, Солунско, Воденско, Ѓуменџиско, Гевгелиско, Тиквешко. Само во Солун, според А. Крал, Даме престојувал „преку 14 дена“. Cf. Извештај на А. Крал од 15 јуни 1904 г., — Д. Зографски, Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија, ИНИ, Скопје, 1955, 208; Хр. Силяновъ, Освободителнитье борби на Македония, Следъ Илинденското въстание, София, 1943, т. II, 16; Ѓорче Петров, Спомени-кореспонденција, редактор Љ. Лапе, Скопје, 1984, 209—210.

[2] Ѓ. Петров, Спомени-кореспонденција . . ., 209.

[3] Cf. Революционната борба в Битолския окръг, спомени од Георги П. Христов, София, 1953, 51—52.

вањето на ЦК на МРО, а при неможност за свикување на општ конгрес[4]. Всушност, оваа одлука била инспирирана од сјајната победа на реформската струја на неодамнешното Софиско советување. Оттаму се пружала поволна можност на теренот на Организацијата конечно да се тргне од мртвата точка и да се раскрили демократскиот процес. Тоа најдобро го почувствувал самиот Даме Груев, обидувајќи се да изврши опструкција на Конгресот преку изигрување на навредена величина и инсценирање судир со Ѓорѓи Пешков[5].

Конгресот почнал кон крајот на мај, а завршил во првата половина на јуни 1904 година[6].

Овој прв повостанички и единствен подвижен конгрес на МРО ги опфатил прилепските села: Беловодица, Дрен, Смолани, Царевиќ, Топлица, Тројаци, Плетвар, Ореовец и Крстец, а завршил на планината Борула[7].

Какво значење му се придавало на Конгресот се гледа и од фактот што на него биле поканети претставници од три округи на МРО (Битолски, Скопски и Солунски)[8].

Во неговата работа учествувале 13 револуционери, меѓу кои биле и водечките организациони лидери: Даме Груев, Ѓорче Петров и Пере Тошев[9]. Скопскиот округ го претставувал Стефан Димитров (Велешко), а Солунскиот Добри Даскалов и Пешо Самарџиев (Тиквешко)[10]. Очигледна опструкција на Конгресот извршил сомисленикот на Д. Груев, Павел Христов[11], а на Конгресот не учествувал ни сериозно разболениот Анастас Лозанчев[12].

За претседател на Конгресот бил избран Даме Груев, а за секретар Христо Узунов[13].

Критичката анализа на изминатата дејност ги изнесла на видело сериозните слабости на централистичката поставеност на МРО. Тоа и овде било пресудно за стартување на демократскиот процес.

---

4 II Мак. Одр. рев. округ. 25 јуни 1904 (препис од препис), — Љ. Лапе, Документи за положбата на Македонија и во Организацијата во првата половина од 1904 година, Г ИНИ, V/2, Скопје, 1961, 274.

5 Революционната борба..., спомени от Г. п. Христов, 86; Cf. Ѓ. Петров, Ibidem, 211.

6 Д. Димевски, Одразот на Илинден врз ставот на Пере Тошев на Прилепскиот конгрес, 1904 година, — Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, 128; Cf. Телеграма на А. Крал од 11 јуни 1904 г., — Д. Зографски, op. cit., 198; Извештај на А. Крал од 21 јули 1904 г., — Д. Зографски, op. cit., 231—234.

7 Cf. Д. Димески, Idem, 128.

8 Ibidem. Биле поканети раководителите од соседните околии на Скопскиот и Солунскиот револуционерен округ. / Революционната борба..., спомени от Г. п. Христов, 86.

9 Ibidem.

10 Ibidem.

11 Ѓ. Петров, Спомени..., 211.

12 Cf. Извештај на А. Крал од 22 април 1904 г., — Д. Зографски, op. cit., 170.

13 Революционната борба..., спомени от Г. п. Христов, 87.

Во поглед на идното устројување на МРО и овде — како и на Советувањето во Софија (јануари-февруари 1904 г.) — одржано под егидата на Задграничното претставништво на МРО, дошле до израз две гледишта. Првото, конзервативното гледиште, го застапувал осамениот Даме Груев (со поддршка на П. Ацев), залагајќи се за закожурување на старите односи во апсолутна „мистериозна“ централизација. Преовладало второто, демократското гледиште што го застапувале останатите учесници предводени од Пере Тошев и Ѓорче Петров — за реформирање на МРО со примена на начелата на изборност и децентрализација[14].

Демократските погледи на П. Тошев нашле одраз во неговиот проект-правилник, заснован на благ демократски централизам[15]. „Радикална промена беше што мистериозната централизација се отфрлаше, кога ќе се почне од ЦК па сѐ до селата, а место неа се предвиде широка децентрализација. Се предвиде сложен механизам во вишите раководни установи за да можат сите повидни сили на Организацијата да земат учество во делата на Организацијата“[16]. Овој проект-правилник, познат како образец I, бил прифатен од мнозинството на Прилепскиот конгрес. Проект-правилникот на П. Тошев ги прозрачил окружните конгреси на МРО со својот демократизам, потоа тој бил вграден во Рилските конгресни документи[17]. Оттаму е неодминлива улогата на П. Тошев за реформирањето на МРО.

Даме Груев подготвил сопствен проект-правилник заснован на апсолутен централизам, но „никој веќе не сакаше да чуе за старата централизација“[18]. Увидувајќи дека тој е страната што губи, Д. Груев, како прагматичен дух, „многу отстапи, немаше што да прави: старата наредба беше загубила секаков авторитет“[19]. Оттаму произлегол новиот проект-правилник на Д. Груев, со коавторство на Ѓ. Петров, а бил прифатен како образец II, бидејќи не бил „ништо друго, освен првиот проект, само во поумерена форма“[20].

Оттаму, проект-правилниците (I, II) на Прилепскиот конгрес се насочени кон широка демократизација на МРО.

Потребно е да се истакне дека проект-правилниците (I, II) од Прилепскиот подвижен конгрес биле, по залагањето на Ѓорче Петров, отпечатени од Борис Сарафов во Софија[21].

---

14 Д. Димевски, Idem, 128—130.

15 Ibidem.

16 Ѓ. Петров, Спомени-кореспонденција . . ., 212.

17 Cf. М. Пандевски, ВМРО и неоврховизмот (1904—1908 г.), Скопје, 1983, 110.

18 Ѓ. Петров, Спомени-кореспонденција . . ., 212.

19 Ibidem.

20 Ibidem.

21 Д. Димески, Idem, 130.

Самиот Ѓ. Петров дал писмен придонес кон реформскиот процес не само со коавторството (со Д. Груев) на проект-правилникот, образец II, туку и со своите Дополнителни белешки кон проект-правилникот, образец I, за пунктот Градски организации, коишто сам ги објавил во предвечерјето на Рилскиот конгрес[22].

Прилепскиот подвижен конгрес условил и нов правилник за четите[23].

На Конгресот било покренато и прашањето за односот на МРО кон странските пропаганди, посебно кон грчката и српската. Притоа дошло до остар судир помеѓу Ѓорче Петров и Пере Тошев, бидејќи нивните погледи по однос мерките што МРО требала да ги преземе за неутрализација на балканските пропаганди биле дијаметрално спротивни. Посебно Ѓорче Петров остро го нападнал решението на Битолскиот окружен комитет за превртување на патријаршиските села во егзархиски. Валидноста на гледиштето на Ѓ. Петров ќе ја потврди времето[24]. Конгресот минал малкум преку ова прашање, па тоа оставило темна дамка на неговите позитивни резултати.

Конгресот, согласно со новоизработениот правилник за четите, назначил инструктори-ревизори на четите во Битолскиот округ[25].

Прилепскиот конгрес[26] придонел за продлабочување на демократизацијата на движењето.

Отворената, широка расправа по проект-правилниците на општите собранија на револуционерните околии, со можност за модификација и збогатувања со нови предлози, со примена на гласачки инструментариум (1 околија — 1 глас, 1 округ — 1 глас, Задгранично претставништво на МРО — 1 глас), прв таков случај во аналите на организационата пракса, претставувала најдобар барометар за степенот на демократизацијата. Сета оваа акција требала да заврши на 1/14 август н. ст. 1904 година, кога, врз база на резултатите од изјаснувањето во МРО т.н. Проверително биро, составено од делегати од сите шест окрузи, требало да усвои Привремен правилник на МРО[27].

Независно од тоа што оваа акција останала недовршена, поради слабата кохезија на организационите редови, сложената

---

[22] Љ. Лапе, Проект-правилниците донесени на Прилепскиот конгрес 1904 г. и дополнителните забелешки на Ѓ. Петров, Г ИНИ, XVII/1, Скопје, 1973, 201—243.

[23] Революционната борба..., спомени от Г. п. Христов, 88.

[24] Д. Димески, Idem, 131.

[25] Революционната борба..., 88.

[26] Cf. Д. Димески, Idem, 131, ф. 26. М. Пандевски, 1987, т. III, 85—87; лободително дело во XIX и XX в., Мисла, Скопје, 1987, т. III, 85—87; 108—116.

[27] II Мак. Одр. рев. округ, 25 јуни 1904 г., — Љ. Лапе, Проект-правилниците донесени на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителните забелешки на Ѓ. Петров, Г ИНИ, XVII/1, Скопје, 1973, 202—204.

ситуација, окружниот партикуларизам и отсуството на централно раководно координативно тело, со ништо не се намалува нејзиното значење.

Демократскиот дух на Прилепскиот подвижен конгрес ќе се прошири и на останатите окружни конгреси на МРО, а посебно ќе го обвие општиот, Рилски конгрес на МРО. Тоа го определува примарното значење на Прилепскиот конгрес на МРО.

Dimitar DIMESKI

## THE PRILEP MOBILE CONGRESS OF THE SECOND REGION OF THE MACEDONIAN REVOLUTIONARY ORGANIZATION

S u m m a r y

The Prilep mobile congress of the Second (Bitola's) revolutionary region had opened the series of regional congresses of the M.R.O., that, after the Ilinden Uprising, had traced the path to the General Rila Congress (1905).

This was the first congress after the Uprising with elements of an inter-regional congress, with ambitions to prepare a terrain for a general congress of the M.R.O. The Prilep Congress was, nevertheless, a congress of democratic changes. This was due to the victory of the democratic line of the movement, that had incited the process of democratization in all pores of the life of the organization.

The democratic spirit of the Prilep Mobile Congress later would extend to the rest of the regional congresses of the M.R.O., especially enveloping the General Rila Congress of the M.R.O.. This determined the primary role of the Prilep Congress of the Macedonian Revolutionary Organization (M.R.O.).